Република Македонија
Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП
Примено: 31.05.2016
Орг. ед. 10 | Број 866/1 | Прилог 1 | Вредн. 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 12-16/6
27.05. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15 и 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 9. седница одржана на 06.05.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Меѓународен бизнис" трет циклус студии на Економски факултет Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Меѓународен бизнис" трет циклус студии на Економски факултет Прилеп, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор на економски науки од областа на менаџмент,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Економски науки, научно - истражувачка област: Менаџмент.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Економски факултет Прилеп, трет циклус студиска програма „Меѓународен бизнис", на 29.01.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 6. седница одржана на 08.02.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 9. седница одржана на 06.05.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков